МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11- 5127/2
Датум: 21.06.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 20.06.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Гиго Михајловски“ бр.2А по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4х240мм2, заради реализација на нов нисконапонски приклучок за објект на барател ПЛАТИНУМ ГРУП ДООЕЛ.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4х240мм2. Трасата за новата електричната инсталација започнува со поврзување со спојка со постоечки кабел лоциран на земјена подлога од каде што продолжува исто по земјена подлога се до нов разводен ормар тип КРО-Ф4.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 15 метри кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за земјена подлога да уплати износ од 1.416,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од земјена подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски